Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 483 www.mchamber.mk 25.02.2022

# БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА ВО КРЕИРАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО



- СОВЕТОТ ЗА НАПРЕДНИ ТЕХНОЛОГИИ ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НАЈАВУВА РЕАЛИЗАЦИЈА НА БЕСПЛАТНИ ВЕБИНАРИ ЗА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА КОМПАНИИТЕ
- ПОТРЕБА ОД НОВИ КВАЛИФИКАЦИИ ВО ГРАДЕЖНИОТ, СООБРАЌАЈНИОТ И ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР
- ОЛЕМИТЕ МАРКЕТИ „КАМ МАРКЕТ“ И „ВЕРО“ КАДАРОТ ЌЕ ГО ОБЕЗБЕДУВААТ ПРЕКУ ДУАЛНИОТ МОДЕЛ НА ОБРАЗОВАНИЕ
- УЛОГАТА НА БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА ВО КРЕИРАЊЕ НА НАСТАВНИ ПРОГРАМИ

***Интервју со Ивица Талевски, претседател на МАР:***

*Неопходна е стратешка одлука за управување со минералните суровини*

# ПОКРОВИТЕЛИ
## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### ПРЕМИУМ Покровители

Алкалоид Скопје, EVN, vitaminka, NLB Banka, GRANIT, IGM trade, Mermeren Kombinat, МЕПСО, ECM, Gulf, Пекабеско, euro Nickel, nextsense, VERO, Кожувчанка

### СТАНДАРД Покровители

Макпрогрес, Comfy Angel, ОКТА, Раде Кончар - Сервис, Rade Končar-TEP, A1, seavus, Zan Mitrev Clinic, Цемос, Croatia osiguranje, Halkbank, Стопанска банка АД - Скопје, scalefocus, cargo-partner, Schneider Electric, SMELT-ING

### СИЛВЕР Покровители

Меин, Sparkasse, Vezeshrari, Lecker, Elektro, Socotab, Swisslion



достапни насекаде ...

Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia



# СОВЕТОТ ЗА НАПРЕДНИ ТЕХНОЛОГИИ ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НАЈАВУВА РЕАЛИЗАЦИЈА НА БЕСПЛАТНИ ВЕБИНАРИ ЗА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА КОМПАНИИТЕ




Стратешката трансформација на Стопанската комора на Северна Македонија за имплементација на концептот „Комора на иднината“, меѓу другото, има за цел да одговори на потребите на бизнис-заедницата во дефинирањето на иновативни решенија и да понуди експертиза во областа на дигитализацијата и користењето на современите напредни технологии за унапредување на работните процеси. Во рамки на таа трансформација беше формиран и Советот за напредни технологи кој ќе помага во насока на олеснување и забрзување на процесот на усвојување и примена на напредните технологии од страна на бизнис секторот. Советот ќе обезбедува консултативни и советодавни мислења и предлози во интерес на поттикнувањето на техничко-технолошкиот развој на компаниите, изјави м-р Зоран Јовановски, потпретседател на Стопанската комора на Северна Македонија. Тој потенцираше

дека Советот за напредни технологии има своја организациска поставеност, го сочинуваат врвни професионалци од разновидни области, а на чело на Советот е г-динот Никола Љушев, главен извршен директор на Македонски Телеком.

Претседателот на Совет за напредни технологии, Никола Љушев сподели дека во рамки на активностите на Советот во текот на февруари и март ќе следуваат едукативни настани кои ќе се реализираат во соработка со Македонски Телеком. Станува збор за вебинари од отворен карактер, кои ќе имаат за цел да ја поттикнат дигитализацијата кај компаниите, презентирајќи ги современите дигитални алатки и користите од нивната примена се' со цел подигнување на продуктивноста на компаниите, но и стопанството во целост, и градење на конкурентни компании кои со примена на овие технологии се во чекор со конкуренцијата на отворениот пазар. Трите вебинари кои ќе ги организираме ќе бидат во фокус на дигитализација во секторите малопродажба, производство, градежништво и финансии. Истовремено пред учесниците ќе бидат презентирани и најновите податоци од истражувањето кое го спроведува Македонски Телеком, а кое се однесува на статусот на дигитална зрелост по индустрии и дигитални области. На овој начин преку конкретни активности ја покажуваме нашата заложба за подигнување на свеста за важноста и неопходноста од дигиталните услуги во деловното работење преку приближување на дигиталните услуги до корисниците преку конкретен приказ на бенефитот од нивното користење во секојдневието, изјави Љушев.

На прес-конференцијата беше најавено дека првиот вебинар на тема „Дигитализација во малопродажбата" ќе се одржи на 24 февруари, при што беше упатена покана до сите заинтересирани компании кои сакаат да дигитализираат процеси во нивното работење да се пријават за следење на истите.





# ГОЛЕМИТЕ МАРКЕТИ „КАМ МАРКЕТ" И „ВЕРО" КАДАРОТ ЌЕ ГО ОБЕЗБЕДУВААТ ПРЕКУ ДУАЛНИОТ МОДЕЛ НА ОБРАЗОВАНИЕ



Дуалниот модел на образование како најефикасен начин на обучување на идниот кадар и подготовка на младата личност за ефективно вклучување во работните процеси сè повеќе се препознава од страна на членките на Стопанската комора, која од 2016 година активно работи на неговата имлементација.

Тоа беше причината во просториите на Комората да се реализира подготвителен состанок со компаниите „КАМ маркети" и „ВЕРО", активни членки на Комората, за нивно вклучување во дуалниот модел на образование за практична подготовка на учениците во нивните маркети низ целата земја.

Комората, како линк помеѓу образовните институции и приватниот сектор ќе ја започне следната фаза – обезбедување стручни училишта со кои компаниите, „КАМ маркети" и „ВЕРО" ќе влезат во патрнерски однос за реализација на дуалниот модел на образование според нивните потреби за квалификации со потпишување Меморандум за соработка со стручните училишта.

Соработката во следниот период ќе помогне за креирање на нови или модернизирање на постоечките образовни програми според барањата за нови вештини и компетенции што треба да ги усвојат и стекнат учениците за да ги модернизираат нивните процеси.

Овој процес на обезбедување кадар ќе го следат и останатите компании од Здружението на супермаркети кое функционира во рамките на Комората.

# КОМОРАТА НА ИДНИНАТА НА ЕКСПО НА ИДНИНАТА – ДУБАИ 2022




Делегација на Стопанската комора на Северна Македонија, во состав м-р Антони Пешев, извршен директор, и потпретседателите на Комората: м-р Виктор Мизо („Костал“), д-р Драгана Дамјановиќ-Чифлиганец („Адора инженеринг“), м-р Глигор Цветанов („Макпрогрес“), Сашо Наумоски („Витаминка“) и м-р Анета Димовска, менаџер во Комората, оствари посета на „Дубаи експо 2020“. Во рамките на посетата се реализираа повеќе средби со релевантни, високи, државни претставници на ОАЕ, како и со претстваници на деловната заедница.

М-р Антони Пешев, извршен директор на Комората, се сретна со претседателите на коморите во ОАЕ: Стопанската комора на Дубаи (Dubai Chamber of Commerce), Комората на Абу Даби (Abu Dhabi Chamber of Commerce), како и со претседателот на најстарата комора во ОАЕ, Комората на Шарџа (Sharjah Chamber of Commerce). На средбите се дискутираше за потенцијалната соработка меѓу македонските компании и компаниите од Обединетите Арапски Емирати. Претставниците на компаниите од ОЕА покажаа особен интерес за инвестиции во агропрехранбениот сектор, туризмот, енергетиката, како и за инвестиции во напредни технологии.

Делегацијата присуствуваше на формалното одбележување на македонскиот националниот ден, како и на бизнис-конференцијата на која свое излагање







пред присутните потенцијални инвеститори од ОАЕ имаше м-р Виктор Мизо, потпретседател на Стопанската комора на Северна Македонија. Неговото искуство и компетентноста во областа на привлекувањето СДИ, но и искуството што го има како менаџер на еминентната германска компанија од областа на автомобилската индустрија во Македонија се покажаа како исклучително релевантни во неговото излагање пред потенцијалните инвеститори. Тој ги истакна предностите за инвестирање во Македонија, кои произлегуваат од геостратешката положба на државата и од склучените мултилатерални договори за слободна трговија, но и од пристапот до европскиот пазар, кои, секако, носат предности за компаниите што се регистрираат во нашата држава. Во контекст на претходното, м-р Мизо се задржа и на искуството што го имаат странските инвеститори во државата и на другите аспекти на поддршка на приватниот сектор и условите за водење бизнис.

Посетата на „Дубаи експо 2020“ за членовите на делегацијата на Стопанската комора на Северна Македонија, наедно и претставници од реномирани компании членки, е одлична можност на големиот број неформални средби, како и на Б2Б-средбите што се реализираа по завршувањето на конференцијата, да ги оценат можностите за пласман на сопствените производи на пазарот во ОАЕ, но и да се стекнат со нови сознанија за напредните технолошки решенија.

На „Дубаи експо 2020“ за првпат во историјата на светските изложби секоја земја учесничка имаше сопствен павилјон, односно на Експото на 192 павилјони претставени беа различни држави и нивната уникатност преку сопствената архитектура, култура и иновации.

# УЛОГАТА НА БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА ВО КРЕИРАЊЕ НА НАСТАВНИ ПРОГРАМИ




Во рамките на кампањата за промоција на средното стручно образование „Учи паметно, работи стручно“ која ја спроведува Министерството за образование и наука со поддршка од Швајцарската амбасада во Скопје, денес во Кочани и Делчево беа одржани средби на која учествуваа државниот секретар во МОН, Анета Трпевска, преставникот од Стопанската комора на Македонија, Елизабета Андриевска-Ефтимова, Лепа Трпческа од Центарот за стручно образование, градоначалникот на Општина Кочани, Љупчо Папазов, градоначаникот на Општина Виница Миле Петков, а во Делчево присутни беа градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, градоначалниците на Берово, Звонко Пекевски и од Македонска Каменица, Димче Атанасовски, како и директори од средните стручни училишта и од бизнис-секторот од регионот.

На средбата беше потенцирано дека Министерството за образование и наука, активно работи на подобрување на средното стручно образование, со единствена цел да креира квалификуван и стручен кадар кој ќе одговара на потребите на пазарот на трудот, но и да ја зголеми можноста за вработување на младите.

-Се спроведува анализа за да се утврди соодветноста на постојните образовни профили кои ги нудат училиштата, како и на потребата од нови профили кои им се потребни на компаниите, но не се вклучени во наставните програми. Компаниите и нивните потреби од стручен кадар ќе имаат најважна улога при дизајнирање на наставните програми. Со цел да се идентификуваат, се повикуваат компаниите да земат активна улога во целиот процес преку давање предлози, сугестии и мислења како да се унапреди системот на средно стручно образование и кои наставни профили да се отворат во училиштата кои се во областите, каде што компаниите делуваат, потенцираше државниот секретар Трпевска.

На настаните и во Кочани и во Делчево присутните преку дискусија дадоа предлози и мислења за унапредување на системот на образование, како и сугестии за нови наставни профили и струки во средните стручни училишта, во којшто процес е потребно партнерство помеѓу средните училишта во општината и локалните компании.



# ПОТРЕБА ОД НОВИ КВАЛИФИКАЦИИ ВО ГРАДЕЖНИОТ, СООБРАЌАЈНИОТ И ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР



Социјалниот дијалог во рамките на кампањата „Учи паметно, работи стручно“ за унапредување на стручното образование се реализираше во Куманово и Крива Паланка. На настанот беа присутни заменик министерот за образование и наука, Лулзим Алиу, градоначалниците на Куманово и Крива Паланка, Максим Димитриевски и Сашко Митовски, секретарот на општина Кратово, преставникот од Стопанската комора на Северна Македонија, Наташа Јаневска и заменик директорот на Центарот за стручно образование и обука, како и претставници на бизнис заедницата и средните стручни училишта од општините и регионот.

Целта на ваквите дијалози е креирање на уписната политика за учебната 2022/2023 година според потребите на бизнис заедницата на локално и регионално ниво и унапредување на средното стручно образование.

Наташа Јаневска од Стопанската комора истакна дека со години се занимаваат со оваа проблематика и воведувањето на дуалното образование го оценуваат како најефикасен метод за обезбедување стручен кадар за компаниите.

„Тоа значи дека компаниите ги поставуваат барањата, образовните институции кои предходно делуваа како одвоен свет од компаниите, успеавме да ги приближиме со бизнис заедницата, на тој начин што ќе излезат во пресрет да креираат квалификации и образовни програми според потребите на компаниите, а компаниите, што е многу важно, да ги земат учениците на практична обука за да им ги обезбедат стручните вештини на учениците. Она што е стекнато во училишните клупи да се примени на работното место и потоа да можат да ги вработат по нивното завршување. Овој социјален дијалог вроди со плод и од 11 компании во учебната 2021/2022 година, оваа учебна година во дуалното образование се вклучија на над 200 компнании, потенцираше Јаневска.

# ПОЧНУВА ПРОГРАМАТА „МЛАДИ МЕНАЏЕРИ И ДЕЛОВНИ ЛИДЕРИ“

Претседателот Стево Пендаровски се обрати пред учесниците на програмата „Млади менаџери и деловни лидери“, која се одржува под негово покровителство. Претседателот Пендаровски во своето обраќање порача дека треба да сме горди што во нашата држава имаме млади кои не запираат само на степенот на своето формално образование, туку имаат желба да продолжат со учење, да ги прошируваат своите интелектуални хоризонти и да ги усовршуваат своите вештини и таленти. Тој потсети и на една од главните цели поради која е иницирана „Рамката за развој МКД 2030“, што неодамна е промовирана, а тоа е да се излезе во пресрет токму на потребите на младите, со крајна цел да се намали одливот на стручни кадри од земјата.

Програмата „Млади менаџери и деловни лидери“ се реализира преку соработка меѓу Кабинетот на Претседателот и Советот на странски инвеститори. Во неа учествуваат триесет и двајца млади лица и осумнаесет компании кои ги ставија на располагање своите капацитети за младите да имаат можност да стекнат нови, практични знаења.

Програмата „Млади менаџери и бизнис-лидери“ оваа година ја продолжуваме со проширен состав на учесници, што сведочи дека сме успеале да го поттикнеме вашиот интерес, но и дека минатогодишните учесници покажале квалитет. Нема поголемо задоволство од тоа кога имате проекти што се остварливи и што даваат мерливи резултати, особено ако тие проекти овозможуваат професионален успех и кариерен развој на младите во нашата земја – истакна во своето обраќање претседателот Пендаровски. Особено ми е чест што оваа програма е препознаена и вреднувана како успешна и од нашата бизнис-заедница. Годинава имате можност да соработувате со врвни професионалци од вкупно 18 големи наши компании од кои десет се нови во процесот, и се разбира, имате можност да учите од нив. Сите тие компании ви ја даваат својата доверба, отворени се да ги слушнат вашите бизнис-планови и идеи и сакаат да придонесат во вашата стручна обука и професионална надградба. Голема благодарност до г. Штефан Петер за иницијативноста, до Советот на странски инвеститори и до сите компании што нѝ се приклучија и што делегираа свои вработени – ментори, кои ќе ги водат овие млади луѓе низ целиот овој процес се до успешно комплетирање на задачата – порача претседателот Пендаровски.



# ЗАЕДНИЧКИ РЕШЕНИЈА ЗА ПРИВЛЕКУВАЊЕ УЧЕНИЦИ ВО СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, НО И ПОДДРШКА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР НА ЛОКАЛНО НИВО




Кампањата „Учи паметно, работи стручно“, денес продолжи во градот Гостивар. Целта е унапредување на стручното образование и обезбедување стручен кадар за потребите на компаниите.

Според анкетите што ги прави Стопанската комора на годишно ниво за предвидување на работната сила за компаниите, 62% од компаниите се соочуваат со недостаток на работна сила, а недостатокот на работна сила ја намалува продуктивноста на компаниите и претставува ограничувачки фактор за раст и развој на компаниите.

Тоа беше причината, Комората да презема активности за воведување на дуалниот модел на образование како најефикасен начин за обезбедување кадар за компаниите што може да се постигне само со проактивно учество на сите чинители во образовниот процес. Компаниите, кои се соочуваат со потешкотии во обезбедување стручен кадар, да ги искажат своите потреби; образовните институции да излезат во пресрет на барањата на компаниите со креирање образовни програми за нови квалификации; стручните училишта да ги образуваат учениците според новите програми; а компаниите практично да ги оспособуваат учениците. Само на таков начин, преку квалитетно пазарно орјентирано образование, во кое теоретските знаења се надополнети со практично искуство, младите ќе можат да се наметнат и да бидат препознатливи на пазарот на труд, а компаниите да добијат квалификуван кадар.

Како резултат на кампањата, оваа учебна 2021/2022 година, беа отворени нови 97 дуални паралелки низ целата земја, во кои, образованието го продолжија 1.400 ученици, што претставува успех, ако се знае дека во минатата учебна 2020/2021 година, функционираа само 11 дуални паралеки.

Во Гостивар функционира една паралелка за квалификацијата машински техничар.

# Ивица Талевски, претседател на МАР: Неопходна е стратешка одлука за управување со минералните суровини



**За да се искористи потенцијалот на домашната рударска индустрија, неопходно е државата да донесе стратешка одлука за долгорочните правци за управување со минералните суровини и да креира поволен деловен амбиент, вели Ивица Талевски, претседател на Македонската асоцијација на рударството (МАР).**

Македонската асоцијација на рударството од неодамна има нов претседател. По одењето во пензија на Николајчо Николов, на оваа важна позиција е избран м-р Ивица Талевски, заменик генерален директор и директор за одржлив развој во рудникот за олово и цинк САСА кај Македонска Каменица. Кариерата на Талевски во рударството започнува во 2016 година, а за неа тој ќе рече:

-Кариерата ја почнав како специјалист, а потоа и како менаџер за набавки на рудникот за олово и цинк САСА од Македонска Каменица, најголемиот македонски рудник со подземна експлоатација, во сопственост на Централ Азија Металс – рударска компанија која котира на AIM пазарот на Лондонска берза. Од крајот на 2017 година станав член на раководниот тим на САСА како комерцијален директор. Во моментов ги извршувам функциите директор за одржлив развој и заменик генерален директор на САСА. Истовремено, претседател сум на Фондацијата за одржлив развој на САСА, што за мене лично е исто така исклучително важна функција, затоа што преку работата на оваа фондација се реализираат проектите на САСА кои се значајни за локалната заедница од областа на животната средина, образованието, спортот, културата, здравството и социјалната заштита. Инаку, по образование сум магистер по деловна администрација. Пред да ја започнам мојата кариера во рударската индустрија имав неколку работни ангажмани во други сектори, а стекнав и значајно работно искуство во странство во области како што се: организација и управување со различни процеси, кризен менаџмент и соработка со голем број различни вклучени страни, што секако ме подготви за работата во рударството, каде овие квалификации и вештини се особено важни. Од септември 2021 година ја имам честа да бидам избран за претседател на единствената професионална асоцијација, членка на Стопанската комора на Северна Македонија, која ги застапува и штити интересите на деловните субјекти од рударската индустрија во земјата.

Господине Талевски, рударството е важна стопанска гранка насекаде во светот, па и кај нас. Оттука, нашето прво прашање е колку вработени има во овој сектор, а колку од нив се во нашите четири најголеми рудници за благородни метали САСА, Бучим, Злетово и Тораница?

– Според последните достапни статистички податоци, во секторот рударство и вадење на камен во земјава активно функционираат 201 компанија и во него се вработени 7.805 лица. Најголемите четири активни рудници во земјата – САСА, Бучим, Злетово и Тораница, заедно вработуваат и до 2.000 лица. Инаку, секторот рударство во нашата земја опфаќа четири видови дејности кои вклучуваат вадење на метални минерални суровини, вадење на камен и останати неметални суровини, вадење на јаглен и лигнит и помошни дејности во рударството.

Кое и колкаво е учеството на рударството во домашниот БДП? Можат ли сегашниве бројки да се зголемат и како да се оствари тоа?

– Учеството на рударството во структурата на вкупното индустриско производство во земјата, во изминативе неколку години континуирано се зголемува и во декември 2020 достигнала 11,24%. Треба да се напомене и дека рударството е една од ретките домашни индустриски гранки која бележи суфицит во трговската размена со странство. Имено, извозот во овој сектор традиционално секоја година надминува 200 милиони долари од кои над 76 отсто отпаѓа на извоз на метални руди, а остатокот на извоз на неметали. Инаку, вкупната вредност на дејноста рударство и вадење камен во 2018-та година достигнала 10,9 милијарди денари, што претставува 1,9 отсто од вкупниот БДП на земјата. Но, за да се согледа реалното значење на рударството и неговиот придонес во вкупната додадена вредност треба да се земе предвид дека без рудите и останатите минерални суровини невозможно е да се произведат компјутерите, мобилните телефони, телевизорите, возилата, возовите, бродовите, авионите, како и апаратите во здравството, а не можат да се изградат ниту домовите во кои живееме, ниту патиштата и мостовите по кои се движиме. Поради тоа, во високо развиените индустриски земји учеството на рударството во вкупната економија, а со тоа и неговото значење е многу големо. Кај нас, поради деиндустријализација на земјата која се случува во изминативе три-четири децении, реалниот развој на рударството е далеку под потенцијалот со кој располага оваа гранка. И покрај ваквите околности, факт е дека домашната рударска индустрија може многу повеќе да придонесе за вкупниот економски развој на земјата, но за да се искористи нејзиниот потенцијал неопходно е државата да донесе стратешка одлука за долгорочните правци за управување со минералните суровини и да креира поволен деловен амбиент. Со тоа ќе ги стимулира инвестициите во овој сектор кои ќе овозможат одржлив развој на современо, одговорно рударство, кое води сметка за јавниот интерес, за заштитата на животната средина и за благосостојбата на локалните заедници.

Минатата година светот се соочи со голема здравствена криза, многу животи се загубија, а многу стопански гранки доживеаја крах во нивната работа. Рударството како да покажа една отпорност кон последиците кои по економијата ги донесе пандемијата. На што се должи тоа, бидејќи не се случи ниту еден рудник да ја прекине работата...

– Пандемијата од Ковид-19 го промени целокупниот живот на планетата. Покрај останатите последици, таа предизвика и глобална економска криза која не го заобиколи ниту рударството, па тоа како и многу други економски гранки, се соочи со пореметувања во понудата и побарувачката кои ја зголемија неизвесноста и создадоа низа тешкотии за компаниите. Сепак, рударските компании, особено оние поголемите, кои располагаат со поголеми можности и поддршка од своите сопственици и инвеститори, успеваат да ги издржат предизвиците што ги донесе здравствената и економската криза, да се прилагодат на новата реалност и да продолжат со реализација на своите развојни планови.

Во рудниците вообичаено постои добра организација на работата и се води посебна сметка за безбедноста. Оттаму, уште на почетокот на пандемијата, особено во поголемите рудници, се направија дополнителни вложувања, се воведоа превентивни мерки и протоколи и се донесоа планови за организација на работата, кои овозможија да се заштитат вработените и да се намали ризикот од ширење на вирусот и истовремено да продолжат работните процеси. Сметам дека ваквите мерки и вложувања ги дадоа посакуваните резултати за што говорат податоците за помалиот број заразени во рударството, во однос на некои други индустрии.

Ова не значи дека пандемијата не го погоди овој сектор. Статистиката бележи пад на производството во рударството во 2020 година од 5,6%, во споредба со 2019, а истата година забележано е и намалување на вкупниот број вработени.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Онлајн семинар**

**22.02.2022**

# ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ИЗВЕСТУВАЊА ДО ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД КАКО ОБВРСКА НА РАБОТОДАВАЧОТ, АНАЛИЗА НА ОСНОВИТЕ ЗА ВАКВИТЕ ИЗВЕСТУВАЊА И РАКОВОДЕЊЕ ПО КОНТРОЛЕН ЛИСТ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 22 февруари 2022 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема „Задолжителни известувања до инспекторат за труд како обврска на работодавачот, анализа на основите за ваквите известувања и раководење по контролен лист“.

Во рамки на обврската на работодавачот за упатување известување до инспекторатот за труд за работа под одредени услови, се вбројуваат токму областите кои ќе бидат предмет на обработка на оваа работилница.

Првично, ќе се анализира работата на празник со определување на нејзиниот поим и последователните обврски на работодавачот.

Потоа, ќе се дискутира за прекувремената работа преку осврт на основите за нејзино воведување и спроведување, како и работата ноќе, преку укажување на задолжителните права на работниците, чија заштита мора да биде од највисок приоритет.

Крајно, ќе се разгледа и работата во недела, при што ќе се разгледаат и актуелните суштински измени во оваа област.

При анализата на овие теми, ќе се потенцира начинот на кој може да се воспостави комуникација со надлежниот инспекторат за труд со цел да се оствари законската обврска за негово известување. Притоа, ќе се посочат релевантните обрасци за известување кои е потребно да се доставаат, како и начинот за нивно потполнување и испраќање, а ќе се прегледа и достапниот контролен лист за усогласеност со обврските по Законот за работни односи.

Предавач: Викторија Спасовска – Симоноска, адвокат, предавач на обуки, семинари и конференции со особен фокус на тематики од облигационото, деловното и трудовото право;

**Сите заинтересирани за учество на оваа работилница можат да се пријават најдоцна до 18.02.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3324&lng=1



**Онлајн семинар**

**23.02.2022**

# ПЕТ АВЕНИИ ЗА РАСТ ВО 2022 - КАКО ДА СПРЕЧИТЕ ПАД НА РАСТОТ-

Стопанската комора на Северна Македонија, на 23 февруари 2022 година, организира еднодневна „он-лајн“ работилница на тема: „ПЕТ АВЕНИИ ЗА РАСТ ВО 2022: КАО ДА СПРЕЧИТЕ ПАД НА РАСТОТ“

Цел на работилницата:

Постојат безброј можности на пазарот за раст и развој на компаниите, во теорија. Сепак, во пракса она што можеме и треба да го направиме е ограничено на неколку алтернативи. Истовремено, иако можностите се навидум неограничени, методите за раст се ограничени.

Кои методи за раст се популарни во 2022? И дали еден или повеќе од тие методи одговара за Вашата компанија?

Тема на оваа работилница се петте можни методи за раст кои се популарни за средни и големи компании во 2022 година. Искуства сублимирани од работа со преку 100 консалтинг клиенти ќе бидат поделени и продискутирани со учесниците во работилницата. Преку практични примери (case studies) методите за раст ќе бидат претставени во контекст на компаниите кои ќе имаат свои претставници за време на работилницата.

Предавач:

Александар В. Рибаќ е претприемач со богато бизнис искуство во земјата и странство. После три компании во регионот, и три во странство, сега работи како консултант на повисокиот менаџмент преку својата компанија во Лондон, додека ја спрема својата нова компанија. Александар ја направи TSM Global Ltd. која беше прогласена за најдобрата компанија за блокчејн маркетинг во светот од страна на GoodFirms.co. TSM Global ltd. им помогна на блокчејн компаниите кои инкасираа $300 милиони во инвестиции а сега вредат 4 милијарди долари. Од време на време Александар работи и како инвеститор и директор во стартап компании или е привремен извршен директор на интернационални дигитални компании. www.aleksandarvrib-ak.com.

**Сите заинтересирани за учество можат да се пријават најдоцна до 18.02.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3322&lng=1

Онлајн семинар

10.03.2022

# БЕСПЛАТЕН ВЕБИНАР ЗА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во услови на брзо и динамично опкружување потребата од примена на дигиталните алатки во секојдневното работење се наметна како повеќе од потребна. Оттука и самата дигитализација како неминовен процес станува клучен фактор во обезбедувањето на ефикасност во работењето и конкурентска предност на пазарот.

Во насока на приближување на современите дигитални информатичко-комуникациски технологии и запознавање со нивните предности и функционалности, Советот за напредни технологии при Стопанската комора на Северна Македонија заедно со Македонски Телеком на 10 март 2022 година организираат вебинар за Дигитализација на финансиски сектор.

Вебинарот е наменет за сите компании од финансискиот сектор, како: банки, штедилници, фондови, осигурителни друштва, друштва за лизинг, финансиски друштва, како и сите останати чинители кои се заинтересирани да научат нешто ново во поглед на дигитализацијата во финансискиот сектор.

На самиот вебинар ќе бидат презентирани трендови во самиот сектор, ќе се даде акцент на споделувањето на позитивни искуства, а ќе бидат презентирани и алатки кои доведуваат до дигитализација и олеснување на извршувањето на работните процеси. Учеството на вебинарот е без надомест.

Програма:
Вовед
Статус на дигитализација во финансиски сектор
Споделување на искуство од компанија – бенефити од користење на дигитални услуги
Презентација на дигитални услуги на Македонски Телеком
Специјална промоција/квиз

Пријавувањето на учеството е со пополнување на регистрационата форма на следниот линк.

Реализацијата на вебинарот ќе биде со користење на современата платформа на Webex Cisco, современа и безбедна алатка која на професионален начин ни овозможува да ги користиме благодетите од дигитализацијата.

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3356&lng=1



Онлајн семинар

15.03.2022

# МАНИПУЛАТИВНИ МАРКЕТИНГ ТЕХНИКИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОДАЖБАТА ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА

Секоја сериозна компанија која нуди производи и услуги на пазарот мора да пронаоѓа нови техники да допре до своите потрошувачи, било тоа да користи стари или така наречени „пандемски“ маркетинг техники.

За таа цел, дигитализацијата е едно од совршените решенија за пристап до секој од нас. Сега е одлично време за инвестиции во дигитален маркетинг, но и во добра маркетинг стратегија.

Целта на овој онлајн семинар е да ги разработиме манипулативните маркетинг техники. Според истражувањата голем дел од потрошувачите сметаат дека самото рекламирање е еден вид на манипулација со нивните чувства, потреби и навики, а не така е мал и процентот и на оние кои сметаат дека најголемата манипулацијата на нивното потрошувачко размислување се одвива на социјалните медиуми, односно на смарт телефоните кои се дел од нашето секојдневие.

Целна група:
Водич на маркетинг тимот во компаниите, службата на односи со јавноста, менаџмент, продажни асистенти

Предавач:
доц. д-р Викторија Трајков, доктор на економски науки, специјалност маркетинг и брендирање.

За сите учесници на обуката ќе биде обезбедено:
- Упатства за приклучување на „онлајн“-семинарот;
- Материјали во електронска верзија.

Сите заинтересирани за учество  да се пријават најдоцна до 11.3.2022 година.

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3330&lng=1

**Онлајн семинар**

**16.03.2022**

# СУДСКИ ПОСТАПКИ ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ВРЗ ОСНОВА НА УТВРДЕНА ЛИЧНА МАТЕРИЈАЛНА И КРИВИЧНА ОДГОВОРНОСТ НА УПРАВИТЕЛИТЕ НА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

Стопанската комора на Северна Македонија, организира еднодневен онлајн семинар чија цел ќе биде детална разработка на видовите судски постапки преку кои се доаѓа до ефективна наплата на долговите директно од управителите и основачите на инсолвентните Трговски друштва. Имено, преку разработката на ваквите постапки ќе биде укажано на сите одредби од ЗТД, ЗС и КЗ кои претставуваат основа за поведување на истите, а воедно ќе бидат анализирани и сите одредби од кои се црпи целосната лична, материјална и кривична одговорност на управителите на трговските друштва во случаите кога ги доведуваат во неповолни ситуации своите доверители. Притоа, секоја постапка ќе биде проследена со практични примери од судската пракса преку кои учесниците ќе можат да добијат детална слика за начинот на подготовката, поведувањето и текот на постапките т.е. ќе имаат детална слика за сите дејствија кои мораат да ги превземаат за успешно спроведување на целите постапки.

Всушност, целта на овој онлајн семинар ќе биде разработка на законските можности и начини кои им стојат на располагање на доверителите кои можат да ги искористат преку судските постапки преку кои ќе можат конечно да ги наплатат своите побарувања од должниците-инсолвентните трговски друштва кои само по себе не располагаат со никакви парични средства, чии жиро сметки остануваат блокирани, а воедно и не располагаат со никаков друг движен или недвижен имот од кој евентуално би можеле да се наплатуваат побарувањата.

Предавач:
- М-р Тања Петковска, адвокат со долгогодишно искуство во областа на водењето на судски постапки, во областа на Стопанското (Деловно) право како и сертифициран обучувач на теми од областа на Деловното и Меѓународното право.

За сите учесници ќе биде обезбедено:
- Напатствија за приклучување на онлајн работилницата;
- Работни материјали во електронска верзија.

**Сите заинтересирани за учество на оваа работилница можат да се пријават најдоцна до 14.03.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3331&lng=1



**Онлајн семинар**

**18.03.2022**

# Креирање и пополнување на ПРЕДМЕТ папка и пополнување на “ПОПИС НА документи/записи И ПРИЛОЗИ” при прием и создавање на документот/прилогот во насока на ефикасна организација и реализација

Целта на „онлајн“-семинарот е да се разработат темите кои се однесуваат на подготовка на документи за доставување до сектори и нивна обработка креирање на кошулица, предмет папка како и нејзино пополнување. Пополнување на предмет папката во делот попис на документи/записи и прилози.

Целна група за семинарот:
-директори, раководители на сектори за нормативно-правни работи во компаниите, вработени во компаниите задолжени за архивско и канцелариско работење, како и за сите заинтересирани субјекти чиј предмет на работење е поврзан со темите на семинарот, како и за сите оние кои во своите компании и институции сакаат да ги подобрат и да ги унапредат техниките на канцелариското и архивското работење, да се информираат околу Законот архивски материјал, Уредбата за канцелариско и архивско работење.

Предавач:
-м-р Валентина Тодоровска, магистер по економски науки, специјалност финансиски менаџмент, управител на „Акаунтинг Солушнс“ со 25-годишно искуство во областа на архивското работење.

**Заинтересираните за учество на овој „онлајн“ семинар можат да се пријават најдоцна до 16.03.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3340&lng=1

**Онлајн семинар**

**21.03.2022**

# НОВИНИ ВО ПОГЛЕД НА БОЛЕДУВАЊЕ ПОРАДИ КОВИД-19, КОРИСТЕЊЕ НА БОЛЕДУВАЊЕ КАКО ОСНОВ ЗА ОПРАВДАНО ОТСУСТВО ОД РАБОТА И ИСПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА ИСТОТО

Стопанската комора на Северна Македонија, на 21 март 2022 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „Новини во поглед на боледување поради КОВИД-19, користење на боледување како основ за оправдано отсуство од работа и исплаќање надоместок за истото, отсуство на бремени работнички и други основи за исплаќање на надоместоци и додатоци на плата со особен осврт на работа на празник и работа во недела“.

Во светло на променетиот режим на времетраење на боледувањето по основ на КОВИД-19, оваа работилница ќе ги разгледа моментално важечките правила со цел работодавачите и работниците да се запознаени со своите правва и обврски по однос на користење боледување поради оваа болест.

Дополнително ќе се разгледа целокупното регулирање на боледувањето како основ за отсуство од работа со надоместок на плата, при што ќе се разговара за различните обврски на работодавачите во зависност од типот на отвореното боледување.

Комплементарно на темата за обврските на работодавачот за исплаќање на надоместоци на плата поради оправдано отсуство на работникот, ќе се посочат и другите случаи кога согласно закон работодавачот ја има истата обврска, со тоа што посебно внимание ќе се посвети на анализата на платениот одмор поради лични причини на работникот, кое е дорегулирано со општите колективни договори.

Крајно, ќе се разгледаат и основите за исплаќање на додатоци на плата, а ќе се анализираат работата на празник и работата во недела како особено актуелна тема.

Работилницата ќе има интерактивен пристап.

Предавач:

- Викторија Спасовска – Симоноска, адвокат, предавач на обуки, семинари и конференции со особен фокус на тематики од облигационото, деловното и трудовото право.

**Сите заинтересирани за учество на оваа работилница можат да се пријават најдоцна до 17.03.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3344&lng=1



**Онлајн семинар**

**23.03.2022**

# АНАЛИЗА НА ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ НИЗ ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ПРЕКУ КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОКАЗАТЕЛИ И НАПРЕДНИ ЕКСЕЛ АЛАТКИ

Зошто се корисни финансиските извештаи? Бидејќи, тие им помагаат на инвеститорите и доверителите во донесувањето подобри економски одлуки. Целта на онлајн семинарот е подобро разбирање на финансиските извештаи од корисниците на финансиските извештаи, со цел да се олесни подобрувањето на процесот на одлучување, со користење на НАПРЕДЕН ЕКСЕЛ.

Разбирањето на финансиските извештаи помага во процесот на донесување одлуки за бизнисот. Претприемачите, инвеститорите и аналитичарите создаваат база на податоци низ одреден период на време која се презентира преку финансиските извештаи. Препознавањето на корисни информации кои стојат позади бројките во извештаите ќе ви кажат подеднакво или повеќе од самиот извештај. Само тогаш ќе знаете во која насока се одвива Вашиот бизнис.

Финансиската анализа претставува една алатка за препознавање на клучните елементи од вашите извештаи која преку сетот на финансиски показатели и нивното толкување ќе предонесе кон евалуација на тековното работење, идентификување на проблемите/областите на потенцијалните можности, развивање на буџети и имплементирање на идните стратегии кои во водат кон профитабилност, солвентност и ликвидност.

Овој онлајн семинар обезбедува рамка за проучување на анализата на финансиските извештаи. Оваа рамка се состои од користење на напредни Ексел алатки – создавање на информациски систем за финансиска анализа.

Преку овој еднодневен онлајн семинар ќе дознаете како да умеете да ги препознаете клучните елементи од финансиската слика на вашето претпријатие и како истите да ги разберете на начин кој ќе ви помогне во донесувањето на вистински деловни одлуки.

Предавач:

Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

**ЗСите заинтересирани за учество на оваа работилница можат да се пријават најдоцна до 21.03.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3336&lng=1

# СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100
*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088